ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-272/8**

**Дата: 21.10.2014**

**ДО:**
**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

## РЕЗИМЕ

Ревизијата на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), е спроведена со цел да се даде оценка за ефикасноста и ефективноста на финансиското управување и контрола, во делот на вршење на работите на ефикасен и ефективен начин, усогласување на работата со законите и актите, заштита на имотот, користење на буџетските средства, јакнење на одговорноста при извршување на задачите и внатрешната ревизија.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година.

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и методологија од страна на ревизијата, даваат основа да го изразиме следниот заклучок:
Од страна на раководното лице на ДКСК преземени се мерки и конкретни активности за пропишување на подзаконските и интерните акти, донесување и имплементација на процедурите за финансиско управување и контрола и внатрешната ревизија. Состојбите кои се наведени во овој извештај можат да имаат одредено влијание врз ефикасноста и ефективноста на вака воспоставениот систем на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија, со можност за подобрување на истиот. Истакнуваме дека продолжувањето на отпочнатите активности за кадровско екипирање на одделението за финансиски прашања, доекипирање на одделението за општи и административни работи во делот на информатичката технологија, имплементацијата на планот за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола и интерните процедури за работа, како и спроведување на пописот на средствата и обврските согласно законските одредби, ќе ја зголеми ефикасноста и ефективноста на системот на внатрешната финансиска контрола, во насока на непречено реализирање на активностите на ДКСК.

---

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

*1.*__________________________ __________________________

*2.*__________________________

## РЕЗИМЕ - РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ
## ЕФИКАСНОСТ И ЕФЕКТИВНОСТ НА СИСТЕМОТ НА ФИНАНСИСКОТО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА И ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА КАЈ ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Ревизорските активности кои ревизорскиот тим ги спроведе во ДКСК беа насочени кон повеќе области:

- Правната рамка и стратешките документи;
- Финансиско управување и контрола, во делот на:
    - Компонентите: контролно опкружување, управување со ризик, контролни активности, информации и комуникации, мониторинг;
    - Процесите: инвентарисување на средствата и обврските и доделување на договорите за јавни набавки и плаќање на набавките;
- Внатрешна ревизија.

Периодот кој беше опфатен со ревизијата на успешност е 2013 година и тековната 2014 година.

Од утврдените ризици во текот на ревизијата, произлегоа заклучоци, кои се основа за изготвување на ревизорска програма на активности. Ревизорската програма опфати активности за обезбедување на доволно комплетни и релевантни докази од ДКСК врз основа на кои се сними состојбата и се донесоа заклучоци во рамките на поставените ревизорски цели.

Состојбите кои се прикажани во Конечниот извештај се резултат на применетите постапки на ревизија со цел постигнување на објективна и реална оценка на тековните состојби за ефикасноста и ефективноста на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија, детектирање на клучните фактори кои влијаат врз ефикасноста, нивна анализа, утврдување на причините за постојната состојба и креирање на јасни и реални препораки по кои надлежните лица треба да постапат.

Како резултат на извршената ревизија, констатирани се одредени состојби со кои е поткрепен ревизорскиот заклучок, а кои се дадени во продолжение според ризичните области:

- Во рамките на донесувањето и примената на стратешките документи ДКСК во периодот на вршење на ревизијата има започнато активности за изработка на Стратегија за управување со ризици, како основа за ефикасното креирање на политиките во работењето и успешна реализација на поставените цели;
- Непополнети работни места во Одделението за финансиски прашања, упатуваат на присуство на ризици кои може да имаат влијание на контролното опкружување како еден од предусловите за создавање и непречено функционирање на финансиско управување и контрола и остварување на општите и посебните цели на ДКСК;

- Во ДКСК воспоставени се контролни активности со што е овозможено разграничување на овластувањата и одговорностите, воспоставени се ex-ante и ex-post финансиски контроли, но поради малиот број на вработени ограничена е можноста за целосна поделба на должностите и одговорностите;
- Во делот на функционирањето на информациониот систем констатиравме потреба од донесување на политики и процедури за користење и пристап до ресурсите во информационите системи, стратешки план за развој на ИТ системот како и не доволна кадровска екипираност на одделението за информатички технологии.;
- ДКСК има воспоставено начин на информирање и комуницирање кој овозможува непречено функционирање на финансиското управување и контрола за остварување на посебните и општите цели на субјектот;
- Превземени се активности за следење, самопроцени и внатрешна ревизија на финансиското управување и контрола,
- Воспоставениот системот на интерни контроли во процесот на јавните набавки и плаќањата е воспоставен и функционира, во согласност со законските прописи;
- постои потреба од зајакнување на системот на контроли во делот на активностите за организирање, спроведување и известување за резултатите од извршениот попис на средствата , со кои ќе се овозможи непречено спроведување на истиот согласно законската регулатива и
- Воспоставениот начин на организација на внатрешната ревизија обезбедува раководното лице на ДКСК да добие независно, разумно и објективно уверување за регуларноста, ефективноста и ефикасноста во целокупното работење, како и совети и насоки за подобрување на констатираните состојби.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање мерки за надминување на истите. Препораките произлезени од оваа ревизија се насочени кон подобрување на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија.

ДКСК достави Известување за преземените мерки и активности за надминување на констатираните состојби во Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, а кои се однесуваат на продолжување со започнатите активности за пополнување на работните места во Одделението за финансиски прашања и донесување на Годишната програма за обука на државните службеници за 2015 година.

Преземените мерки и активности на ДКСК се соодветно обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

---

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1.________________________ ________________________

2.________________________